Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Арх. бр. УП1-15 1335/2024

Дата.........26-07-2024

Врз основа на член 42, став (1) и став (9) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20 и 111/23), а во врска со член 4, став (3) од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Министерството за транспорт и врски му се издава **Дополна на Услови за планирање на просторот за изградба на патен коридор 8, делница на автопат: Тетово - Гостивар, Општина Тетово, Општина Боговиње, Општина Брвеница, Општина Врапчиште и Општина Гостивар.**

- Вкупната површина за дополна на Условите за планирање на просторот изнесува **429,47 ха**.
- Површината за која се издава Дополната на Услови за планирање на просторот изнесува **382,74 ха**.

За останатиот дел се издадени Услови за планирање на просторот со тех. бр.: Y15207i - УП за с. Горно Палчиште, Општина Боговиње; Y00109 - УПВНМ КО Долно Палчиште, Општина Боговиње; Y13616 - УП за с. Голема Речица, Општина Тетово; Y13923 - Фотоволтаични електрани, КО Горно Седларце, Општина Боговиње; Y10020 - УПВНМ за индустриска зона, КО Врапчиште, Општина Врапчиште; Y01024 - Регионален центар за бездомни кучиња, КО Неготино, Општина Врапчиште; Y14622 - УП за с. Седларце, Општина Боговиње; Y21119 - УП за с. Долно Палчиште, Општина Боговиње.
Низ планираната траса поминуваат траси на издадени Услови за планирање на просторот со тех. бр.: Y17123 - СН подземен ел. вод, КО Горно Седларце, Општина Боговoвиње; Y25322 - кабелски подземен вод, од КО Неготино до КО Волковија и КО Стенче, Општина Брвеница; Y25522 - кабелски подземен вод, од КО Волковија и КО Неготино, Општина Врапчиште и Y05106 - 2x110 kV далновод „Вруток - Тетово 1".

**Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.**

**Условите за планирање на просторот треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согласност со Просторниот план на Република Македонија.**


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот **со тех. бр. Y41223i** се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот за изградба на патен коридор 8, делница на автопат: Тетово - Гостивар, Општина Тетово, Општина Боговиње, Општина Брвеница, Општина Врапчиште и Општина Гостивар содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштита на земјоделското земјиште, а особено стрикното органичување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природна плодност на земјиштето.

5. **Донесувачот или изработувачот кој ја подготвува планската документација е должен да ги прибави сите податоци што произлегуваат од општите и посебните мерки за заштита на животната средина, природата и водите за конкретниот зафат и за соседните подрачја што граничат со планскиот опфат, а што се неопходни за изработување на урбанистичкиот план или урбанистички проект, согласно член 47 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20 и 111/23).**

6. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор за изградба на патниот коридор 8, делница на автопат: Тетово - Гостивар, Општина Тетово, Општина Боговиње, Општина Брвеница, Општина Врапчиште и Општина Гостивар, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторнион план на Република Македонија.

7. Предметната локација се наоѓа во границите на третата (III) заштитна зона на Изворот Рашче поради што е потребно при изработката на проектната документација да се почитуваат мерките за заштита пропишани во „Одлуката за определување на заштитни зони за заштита на водозафатниот објект извор Рашче, мерки за заштита, услови, начин на воспоставување заштитни зони и картографски приказ" („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 3/21).

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Министерството за транспорт и врски, врз основа на член 42, став (1) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20 и 111/23), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 62832 од 11.06.2024 година, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Дополна на Услови за планирање на просторот за изградба на патен коридор 8, делница на автопат: Тетово - Гостивар, Општина Тетово, Општина Боговиње, Општина Брвеница, Општина Врапчиште и Општина Гостивар.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Согласно член 42, став (8) од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ја изработи Дополната на Услови за планирање на просторот за изградба на патен коридор 8, делница на автопат: Тетово - Гостивар, Општина Тетово, Општина Боговиње, Општина Брвеница, Општина Врапчиште и Општина Гостивар и ја достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1335/2024 од 02.07.2024 година.

Условите за планирање на просторот за изградба на патен коридор 8, делница на автопат: Тетово - Гостивар, Општина Тетово, Општина Боговиње, Општина Брвеница, Општина Врапчиште и Општина Гостивар претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

Република Северна Македонија Министерство за животна средина и просторно планирање Скопје • Republika e Maqedonisë së Veriut Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Shkup

**МИНИСТЕР**
**Izet Mexhiti**

Изготвил: Дејан Гацовски

Одобрил: Соња Фурнаџиска

Согласен: Дајана Марковска Ристеска


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë se Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk